# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 22 | Петок, 30.10. 2009 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица**:

**Р.б.**

Стр.

**318.** **Одлука** за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица .......................... 2

**Одделение за правни и општи работи**

**319.** **Исправка** на Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на општина Струмица ................................................................. 4

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.10.2009 година.

Број 08-6390/2
29.10.2009 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.

**318.**

Врз основа на член 50 – а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.91/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица бр.5/06),Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.10.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на потребата од изработување на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од изработување на урбанистичка планска документација на подрачјето на општина Струмица за уредување и користење на просторот за следните катастерски и градежни парцели и тоа:

| р.б. | Катастарска/градежна парцела | Подносител на иницијатива | |
|---|---|---|---|
| 1. | КП 1295 КО Струмица | Ристо Ѓоргиев | самоинвестирање |
| 2 | КП 4914 КО Струмица | Благој Ѓузелов | самоинвестирање |
| 3 | КП 7588 КО Струмица | ДПТУ Јарем Дабиља | самоинвестирање |
| 4 | КП 2201 КО Струмица | Стојанова Белагија | самоинвестирање |
| 5 | КП 2082 КО Струмица | Проданови Драган и Ангелија | самоинвестирање |
| 6 | КП 7079/4 КО Струмица | Панова Татјана | самоинвестирање |
| 7 | КП 735 КО Струмица | Иљашова Славјанка | самоинвестирање |
| 8 | КП 209 КО Струмица | Коста Христов | самоинвестирање |
| 9 | КП 430 КО Струмица | Самарџиев Иван | Самоинвестирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | КП 6526/3 КО Струмица | Бирги-АЖ ДООЕЛ Струмица | самоинвестирање |
| 11 | КП 730 КО Струмица | Чонев Ванчо | самоинвестирање |
| 12 | КП 5759/3и КП 5758/1 КО Струмица | Каракачанов Атанас | самоинвестирање |
| 13 | КП 4492 КО Струмица | Митко Ристов | самоинвестирање |
| 14 | КП 2410 КО Струмица | Ѓорѓи Ќучуков | самоинвестирање |
| 15 | КП 2020 КО Струмица | Ѓоргиев Стојчо | самоинвестирање |
| 16 | КП 567/1 КО Струмица | Џоко Диков | самоинвестирање |
| 17 | КП 1511 КО Струмица | ЈЗУ Општа болница | самоинвестирање |
| 18 | КП 2988/1 КО Струмица | Минанова Марија | самоинвестирање |
| 19 | КП 1966 КО Струмица | Васил Јанко Николов | самоинвестирање |
| 20 | КП 5777 КО Струмица | Ѓорги Димитриев | самоинвестирање |
| 21 | КП 5847 КО Струмица | Ристо Мицев | самоинвестирање |
| 22 | КП 4040 КО Струмица | Аризанов Ѓорге и Ристо | самоинвестирање |
| 23 | КП 2845 КО Струмица | Верица Кирова | самоинвестирање |
| 24 | КП 5761 КО Струмица | Александар Тасев и Јасмина Танаскоска | самоинвестирање |
| 25 | КП 5337/1 и КП 5337/3 КО Струмица | Маркова Тинка и Анџиева Душка | самоинвестирање |
| 26 | КП 4709/2 КО Струмица | Ристоманов Димитар | самоинвестирање |
| 27 | КП 2134/3 КО Струмица | КАМФУД дооел Скопје | самоинвестирање |
| 28 | КП 7592/2 КО Струмица | Шаренковска Надица | самоинвестирање |

Член 2

Одлуката за изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица, ќе претставува основа за изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација со која се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела,за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија, а заради реализација на инвестициски проекти од значење на општината.

Член 3

По утврдување на потребата од изработување на урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот истата треба да биде одобрена од Градоначалникот на општина Струмица .

Член 4

Средства за изработка на ЛУПД ќе се обезбедат со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица."

Бр.07-6390/1 Совет на општина Струмица
29.10.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

**319.**

По извршеното сравнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на општина Струмица, објавена во „Службен гласник на општина Струмица" бр 11/09 од 19.05.2009 година, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И с п р а в к а**
**на Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на општина Струмица**

Во член 3 наместо бројот „54.137" треба да стои бројот „36.693,50".

Бр. 07-2924/3 Одделението за правни и
29.10.2009 год. и општи работи
С т р у м и ц а